## Академски програми и курсеви на високо ниво реализирани од страна на Меѓународна антикорупциска академија (IACA) на тема борба против корупцијата и градење интегритет

### Трет курс: Корупција и измама во јавните набавки

Дали сакате да научите како да откривате корупција и измама во јавните набавки пред да предизвикаат финансиска штета, користејќи дигитални алатки и анализа базирана на ризици? Дали сте подготвени да ги зајакнете вашите истражни и известувачки вештини за ефективна борба против корупцијата во јавните набавки?

Овој хибриден курс, на учесниците им нуди темелно разбирање на ризиците од корупција и измама во процесите на јавните набавки. Преку реални студии на случаи, практични вежби и интерактивни дискусии, курсот нуди алатки за откривање аларми (црвени знаменца), евалуација на ризици и идентификување неправилности во сите фази од циклусот на јавни набавки. Исто така, курсот им нуди можност на учесниците да ги унапредат своите истражни и известувачки вештини, ја промовира меѓуинституционалната соработка и претставува дигитални алатки и најдобри меѓународни практики, како што се отворено склучување договори и рангирање ризици со помош на вештачка интелигенција (ВИ) за ефективно спречување и решавање на корупцијата во јавните набавки.

### Цели на учењето

До крајот на овој курс, учесниците ќе бидат способни да:

- ги идентификуваат алармите (црвените знаменца) и типологиите на корупција и измама во јавните набавки преку реорганизирање на вообичаените форми, како што се местење понуди, заговор, поткуп и манипулација со технички спецификации.
- ги откриваат алармите (црвените знаменца) во сите фази од циклусот на набавки: планирање, тендерска постапка, евалуација и управување со договори.
- разберат како да ги идентификуваат, анализираат и пријавуваат алармите (црвените знаменца) и индикаторите во реални истраги преку анализа на реални студии на случаи.
- применуваат практични техники за анализа на ризици и рано откривање преку спроведување проценки на ризици од корупција во циклус на јавни набавки.
- користат практични алатки, како што се листи за проверка и матрици на ризици, за да идентификуваат рани знаци на измама и корупција.
- ги зајакнат истражните и известувачките вештини преку разгледување и оценување жалби или извештаи за неправилности во јавните набавки.
- да ги зајакнат методите на собирање докази и документација за изготвување извештаи во кои се известува за прекршувања на законот.
- ја унапредат меѓуинституционалната соработка и споделувањето информации и да научат како да спроведуваат заеднички аналитички процедури и ефективни механизми за проследување случаи на корупција.
- истражуваат како дигиталните платформи, порталите за транспарентност и системите за е-набавки придонесуваат за спречување и откривање корупција.
- учат од најдобри меѓународни практики, вклучително и од иновации, како што се стандардите за отворени податоци за јавни набавки и системите за проценка на ризик засновани на вештачка интелигенција (на пр., украинскиот систем ProZorro).

### Податоци и логистика

Курсот ќе биде во хибриден формат, со две онлајн сесии на 16 и 28 април 2026 година и 4 сесии во живо што ќе се одржат во Скопје, на 23 април 2026 година. Времето на одржување на онлајн сесиите ќе биде меѓу 15:00 ч. и 16:30 ч. Сесиите во живо ќе се одржат во Хотел Холидеј Ин во Скопје, со почеток во 09.00 ч. Агендата за сесиите во живо ќе им се достави на избраните кандидати пред почетокот на истите.

Материјалите за курсот ќе бидат достапни на платформата за учење на IACA на почетокот на април 2026 година.

### Оценување

Резултатот од учењето на секој учесник ќе се оценува преку испит во форма на квиз. Преодна оценка е 80%. Завршниот квиз за оценување ќе биде достапен на платформата за учење на IACA, кој мора да се заврши најдоцна до 30 април 2026 година. По успешното завршување на обуката, учесниците ќе добијат сертификат за завршување на курсот.

Од сите учесници ќе биде побарано да го достават нивното повратно мислење/евалуација во електронски формат, како што ќе утврди IACA.

### Кој може да се пријави за учество?

Максимум 25 државни службеници / професионалци коишто работат во антикорупциски органи, институции за ревизија и надзор, органи за јавни набавки на централно и локално ниво и органи за спроведување на законот, од следните профили:

- истражители на корупција и измама,
- ревизори,
- службеници за јавни набавки, службеници за усогласеност и службеници за проценка на ризици,
- обвинители.

Учесниците треба да имаат улога и интерес во спречување и откривање корупција во јавните набавки, подобрување на меѓуинституционалната соработка и примена на најдобрите меѓународни практики и дигитални алатки за унапредување на транспарентноста и отчетноста.

**<u>За учество на курсот, потребно е добро познавање на англискиот јазик.</u>**

### Како да се пријавите

Изразување интерес треба да се испрати преку апликација/мотивациско писмо на англиски јазик достапно на www.rolaw.mk на следната адреса sashenka.gramatova-ljuben@rolaw.mk **најдоцна до 13 февруари 2026 година.** Со избраните кандидати ќе се спроведе интервју за да се оцени нивното познавање на англискиот јазик.